РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 24-48
14-11-2022 год.
СТРУМИЦА


Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица Македонија

централа: 034-348-030, кабинет: 348-026, факс 034 320-544
www.strumica.gov.mk, gradonacalnik@strumica.gov.mk, info@strumica.gov.mk


Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина ( „Сл. весник на РМ" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Општина Струмица, на ден 14.11.2022 година, донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Измена и дополнување на Дуп за дел од Блок 5 – УЕ1 на град Струмица ограничен со ул. У – 1, У – 3, У – 6 и У - 13 општина Струмица, плански период 2022-2027 година, со намена Г3 – сервиси, кој се носи согласно Закон за урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РСМ" бр. 32/20), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ( „Сл.весник на РМ" бр. 142/15 ) и Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2021 година бр. 08-4981/1 од 05.08.2021 година и Правилникот за урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22 ), не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Струмица www.strumica.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополнување на Дуп за дел од Блок 5 – УЕ1 на град Струмица ограничен со ул. У – 1, У – 3, У – 6 и У - 13 општина Струмица, плански период 2022-2027 година, со намена Г3 – сервиси општина Струмица, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Влијанието врз населението и човековото здравје е минимално и занемарливо. Влијанието врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијанието врз квалитетот на површинските и подземните води, влијанието врз почвата, влијанието поврзано со управување со отпад се исто така минимални и занемарливи. Позитивни влијанија ќе има врз социо-економската состојба на населението преку вработување и економска благосостојба.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерот за животна средина и просторно планирањево рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на општината.

Изготвил: Верица Танушева Георгијевска
Одобрил: Томислав Андреев
Потврдил: Никола Годев

ГРАДОНАЧАЛНИК
на ОПШТИНА СТРУМИЦА
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. Уп1 24-43
14-11. 2022 год.
СТРУМИЦА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 5 – УЕ 1 на град Струмица ограничен со ул. У – 1, У – 3, У – 6 и У – 13, општина Струмица, плански период 2022 – 2027 година.** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДП ВИЗУРА ДООЕЛ |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Струмица |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Марија Едровска |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РСМ" бр. 32/20), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ( „Сл.весник на РМ" бр. 142/15), Правилникот за урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22 ) и Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2021 година бр. 08-4981/1 од 05.08.2021 година. 16.09.2011 година. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА☐ НЕ ☒ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Детален урбанистички план на град Струмица. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да**☒<br>**Не**☐ | **Член:** 3 | **Точка:** 13 | **Алинеја: /** |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Да. Површината на планскиот опфат кој е предмет на измените и дополнувањата на ДУП изнесува 1.8 ха. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

Главна цел за измена на планот е препарцелизација на градежното земјиште во согласност со условите на терен и реалните потреби на корисниците на просторот. Концепциски со овој план се продолжува досегашното планирање со претходните плански решенија, со дополнување во однос на некои параметри кои се во согласност со важечките стандарди и нормативи за уредување на просторот, односно се врши промена на големината на парцелите, со што се фаворизираат дејностите кои се активни на терен и имаат планови за развој. Целта на донесување на планскиот документ е формирање на градежни парцели и површини за градење, приоритет да имаат физички и правни лица кои имаат потреба од развојни активности на овој дел од градот.

Целта и насоките за уредување на земјиштето произлегува од потребите за планирање на површини за градење со намена Г3 – сервиси, Е1 комунална инфраструктура – сообраќај и Е1.8 трансформаторски станици, а соодветно на катастерските парцели да се формираат и градежни парцели, во се према Правилникот за урбанистичко планирање.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

Пет години.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

По истекот на пропишаниот плански период.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Границата на планскиот опфат за изработка на ДУП за за дел од блок 5-УЕ 1 на град Струмица ( измена и дополнување ), која е предмет на ДУП зафаќа површина од 1.8 ха. Таа претставува линија која ги прати осовините на изведени и планирани сообраќајници:

- Од североисток , оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул. У-3
- Од југоисток, оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул. У-6
- Од југозапад, оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул. У-1
- Од северозапад оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул. У-13

Планскиот опфат е затворена полигонална линија и зафаќа површина од 1.8 ха.
Територијата која е ппфатена со планот се простира на рамен терен, со просечна надморска височина на теренот од 220 м.
Согласно ГУП на град Струмица, територијата зафаќа централен дел од блок 5, кој е во состав на урбана единица 1.

Пристапот до проектниот опфат од центарот на градот е преку изведените улици У1, а преку индустриските и пристапни улици, територијата се поврзува со сите делови на градот Струмица.

Предметната локација досега била опфатена со ДУП за дел од Блок 5, во Струмица.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да ☒
Не☐

Дали е приложена копија од целите?

Да ☐
Не☒

| **Резиме на влијанијата врз животната средина** |
|---|
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објект на земјиште на кое е предвидена класа на намена Г3 – сервиси, Е1 – комунална инфраструктура ( сообраќај ) и Е1.8 – трансформаторски станици, што како активност нема значително влијание врз животната средина.<br>Во периодот на изградба, земјените активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Времените објекти кои ќе бидат поставени, бучавата во текот на изградбата и отпадот исто така негативно ќе влијаат врз животната средина.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој УП, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. Организација на просторот во овој плански опфат, е во функција на потребите на населението и градот а произлегува од неговите просторни карактеристики, диспозиција, сообраќајни врски и др. Со новото планско решение се врши уредување на градежно земјиште, се формираат 7 градежни парцели соодветно на условите на теренот и можностите што ги нуди, каде приоритет ќе имаат физичките и правните лица кои имаат потреба од развојни активности на овој дел од градот, со што се фаворизираат дејностите кои се активни на терен и имаат планови за развој. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Организација на просторот во овој плански опфат, е во функција на потребите на населението и градот.<br>Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот - озеленување, осветлување и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br><br>Меѓутоа, веројатноста е дека усвојувањето на УП ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната, ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |

| | |
|---|---|
| | Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. Во фазата на експлоатација на објектите се очекува фрекфенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувани гасови во воздухот, зголемено ниво на бучава, а на самата локација и зголемена продукција на различни видови на отпад. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии, бидејќи планскиот документ ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опфатот на планскиот документ зафаќа површина од 1,8 ха . Согласно ГУП на град Струмица, територијата зафаќа централен дел од блок 5, кој е во состав на урбана единица 1. Станува збор за индустриска зона, каде гравитираат поголем број на претпријатија. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

Обемот, динамиката на финансирање на реализацијата на урбанистички план за дел од Блок 5 – УЕ 1 на град Струмица ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградба на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на објектите на теренот, планските одредби од Простронот План изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план.

| | |
|---|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Со донесувањето на планскиот докуент ќе се зголеми вредноста на областа која е засегната со донесување на овој документ. При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. Предложеното решение за организација на просторот предлага оптимално почитување на функцијата живеење, објективно усогласување на можностите и потребите, намалување на конфликтите помеѓу пооделни функции, создавање на здрава животна средина и мерки за заштита на населението. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Земјиштето опфатено со овој урбанистички проект, претставува градежно земјиште, кое е опфатено во ДУП за Блок 5 на град Струмица. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |
| Со урбанистичкиот план се предвидува класа на намена на земјиштето Г3 – сервиси, Е1.8 трансформаторски станици и Е1 – комунална инфрастуктура, со површина од 1.8 км.<br>Со планскиот документ се предвидува изградба на објекти за кои не е предвидено спроведување на постапка за ОВЖС(EIA)-оцена на влијанието врз животната средина. | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br><br>Со планскиот документ се предвидува да се изгради Г3 – сервиси, Е1.8 трансформаторски станици и Е1 – комунална инфрастуктура, во индустриска зона каде гравитираат поголем број на претпријатија. Не се очекува предвидените објекти за градење да имаат негативно влијание врз околните објекти, ниту пак на непосредната околина. | |

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој ( да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми ). Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови.**

Донесувањето на овој УП ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:

- воздух - активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација ( во текот на изградба на предвидените објекти ). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот.

- површински и подземни води - со реализација на овој УП не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Планските решенија за комуналната инфраструктура, предвидува собирање на фекалните и атмосферските води од планскиот опфат и поврзување со постојната мрежа. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на овој УП со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води.

- бучава - во фазата на реализација на проектот се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација. Имајќи предвид дека локацијата за која се работи овој УП се наоѓа во индустриска зона, каде функционираат поголем број на претпријатија, не се очекува значајно негативно влијание врз животната средина.

- отпад - во фазата на реализација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски мерки, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.).

- флора и фауна - реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат ќе доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна и прекинување на ареалите на движење, се очекува раселување на дел од животинскиот свет. Посебно заради фактот дека птиците се осетливи на човековото присуство, се очекува предвидените објекти, врз нив да има најголемо влијание. Динамиката на ваквите влијанија ќе завист од динамиката на реализацијата.

Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни.

Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови .

Од аспект на одржливост, донесувањето на УП-от позитивно ќе влијае врз:

- привлекување на нова работна сила и вработување,
- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,
- зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, како и
- зголемување на нивото на животен стандард во општината.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:

- зголемување на нивото на загадување на воздухот ( предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите );
- зголемување на нивото на бучава ( предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација );
- зголемување на количината на продуциран отпад ( како во фаза на реализација, така и во фаза на експлоатација на објектите предвидени во планскиот опфат );

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Планскиот документ со тех.бр. 2349/22 е поврзан со ГУП на град Струмица донесен на ден 18.07.2006 година , односно дел од Блок 5 согласно ДУП донесен на ден 28.04.2011 година.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој полежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина, потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елсборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА СТРУМИЦА<br>Костадин Костадинов** |
| **Датум:** 14.11.2022 година<br>**Место:** Струмица | **М.П.** |